Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет ***италијански јазик (втор странски јазик)*** за I (прва) година образование од средното стручно образование со четиригодишно траење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК

*Втор странски јазик*

***модуларно дизајнирана***

**за I година**

Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки

**образовен профил / квалификација**

Економско-правна и трговска/Економија, право и трговија

Угостителско-туристичка / Угостителство и туризам

Текстилно-кожарска / Текстил, кожа и слични производи

**струка / сектор**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Италијански јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 5 (пет) ЕЦВЕТ[1] кредити (3+2, 2 кредита одговараат на 50 часа активности на ученикот, од кои 16 часа за домашна работа, 16 часа за подготовка за писмени работи и 18 часа за самостојно учење) |
| **Струка** | Економско-правна и трговска, Угостителско-туристичка и Текстилно-кожарска |
| **Сектор** | Економија, право и трговија, Угостителство и туризам и Текстил, кожа и слични производи |
| **Образовен профил** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки |
| **Назив и ниво на квалификација** | Економски техничар, Правен техничар, Бизнис администратор, Хотелско-туристички техничар, Угостителски техничар, Угостителски техничар за рурален туризам, Техничар за настани и анимации, Техничар за моделирање на облека,Техничар за дизајн на облека и Техничар за моделирање на обувки<br><br>**IV (четврто) ниво**<br><br>Согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* после првата година на изучување на италијанскиот јазик во средното образование може делумно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по втората година во средно образование може целосно да се достигне нивото А2 (основно ниво), по третата година учење на италијанскиот јазик во средно образование може делумно да се достигне Б1 (преодно ниво) и по завршувањето на IV година, може целосно да се достигне Б1 (преодно ниво) . |
| **Година на изучување** | I (прва) година |

[1] Закон за Националната рамка на квалификации.

| | |
|---|---|
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2 /72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да формира и да развие јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции за изучување на втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да формира елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развие способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референцијална рамка (Портфолио).* |
| **Модуларни единици на наставна програма** | • СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ<br>• ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА<br>• ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ<br><br>НАПОМЕНА: Поради специфичноста на изучување на странските јазици, модуларните единици се дизајнирани согласно вештините (слушање со разбирање, читање со разбирање, говорна продукција и интеракција и писмено изразување), а во нив се интегрирани јазичните компоненти (лексички единици, граматички структури, јазични функции и култура). За успешна реализација на наставата по странските јазици, наставникот прави комбинација меѓу вештините и јазичните компоненти.<br><br>Понудените содржини се задолжителни, но наставникот користи примери од други извори и ја прилагодува |

| | |
|---|---|
| | наставата согласно образовниот профил/квалификацијата, односно струката/секторот. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за прва година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за прва година на средното образование.<br>Се препорачува заради полесен визуелен контакт помеѓу ученици за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по *италијански јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br>- студии по италијански јазик и литература – наставна насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- студии по италијански јазик и книжевност, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС.<br>- студии по италијански јазик и литература – друга насока, VII/1 или VIA според МРК и 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |

| Ред. | Модуларна единица 1: СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ |
|---|---|

| број | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- издвои општи и конкретни информации од краток едноставен слушнат текст од секојдневниот живот и слободното време; | -Ciao, Alberto, come va?<br><br>-Buon giorno, signora Martini, come sta?<br><br>-Scusi, signore, potrebbe dirmi dove si trova la farmacia più vicina?<br><br>-Scusa, per andare allo stadio...?<br><br>-Marco è italiano, di Verona. Fa la guida turistica, accompagna i turisti e mostra loro i luoghi più interessanti della città.<br><br>-Francesco lavora come impiegato contabile, si occupa della registrazione di tutte le transazioni economiche dell'azienda.<br><br>-Vorrei una tazza di cioccolata calda!<br><br>-Io, invece, preferisco una tazza di tè.<br><br>-Ho l'intenzione di comprare un nuovo computer.<br><br>-Che sorpresa! Dici sul serio! | **Активности:**<br><br>- Бура на идеи;<br>- вежби за асоцијации;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци врз основа на наслови, звучни сигнали, интонација, невербални елементи итн.;<br>- слушање аудио/видео снимки и говор на наставникот;<br>- препознавање на значењето на пораката според интонацијата (радост, тага, страв, изненадување, воодушевување итн.);<br>- идентификување на зборови, структури и изрази во контекст;<br>- одговорање на прашања од типот *точно/неточно* (vero/falso), отворени | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>1.1.разликува учтиво од неформално обраќање;<br><br>1.2. препознава поими што служат за разменување информации при први контакти, при усно изразување на соговорникот;<br><br>1.3. препознава поими поврзани со секојдневниот живот: опис на лица од блиското опкружување, професии, интереси, активности;<br><br>1.4. идентификува изрази за искажување зачуденост/ изненадување, намера, желба и претпочитување;<br><br>1.5. издвојува детални информации од краток едноставен слушнат текст од секојдневниот живот, слободното време и при опис на лица, предмети, места. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - издвои конкретни информации од слушнат текст со кои се искажува упатство, совет. | Non usare il tuo telefono quando è in carica: non lasciarlo caricare tutta la notte!<br><br>Punti di informazione: Le linee dei bus cittadini per arrivare all'aeroporto sono i n.5 e n. 19 che partono dalla stazione ferroviaria; puoi viaggiare sui bus mostrando il tuo passaporto o la carta d'identità.<br><br>Stai per firmare un contratto di lavoro? Prima di farlo dovresti controllare tanti aspetti per essere sicuro di fare la scelta giusta. | прашања или прашања со повеќечлен избор;<br>- подредување на дадените информации во табели;<br>- подредување на зборови во реченица или текст;<br>- вежби со користење пантомима;<br>- поврзување слики со слушнат текст.<br><br>**Методи:**<br><br>- Вербални методи: *дијалошки или метод на разговор (игра по улоги)*<br>- Документациски метод: а*удио-визуелни извори на информации*<br>- Демонстрациски методи: пуштање на *аудио и видео снимки*<br>- Метод на работа со компјутерска технологија: п*ребарување.* | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. препознава тема на обраќање: совет, упатство;<br><br>2.2. идентификува едноставни зборови и изрази за искажување упатства, совет;<br><br>2.3. издвојува конкретни информации во краток слушнат текст со кој се искажува упатство, совет. |

| Ред. број | Модуларна единица 2: ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- идентификува конкретни информации во кратки и едноставни текстови, во врска со лични податоци, семејство, слободно време, лица, предмети, места; | Ciao a tutti, io sono Maria, la vostra nuova compagna di classe!<br>Buongiorno, Direttore! Le presento la nostra nuova allieva Maria.<br><br>Matteo viene da Roma. Ha 45 anni. È sposato con due figli. Lavora come operatore turistico, organizza vacanze, e prenota voli per i viaggiatori. Il suo lavoro gli piace molto. Dedica tutto il suo tempo libero alla famiglia. Tutti lo trovano molto simpatico perché sorride sempre e non è mai di cattivo umore.<br><br>Il nostro ufficio è piccolo ma carino. È luminoso, ben arredato e si trova vicino alla vecchia libreria.<br><br>Vuoi venire con me alla festa di compleanno di Matteo? - Certo, con piacere.<br><br>Ho comprato due biglietti per la partita di calcio di domani, vieni con me!  - Mi dispiace, non posso, ho un altro impegno.<br><br>I signori Bianchi hanno il piacere di invitiarLa all'apertura della mostra d'arte di Silvano Marchi, il 12 ottobre. | **Активности:**<br>- Бура на идеи;<br>- вежби за правење претпоставки, донесување заклучоци, врз основа на наслови, илустрации, фотографии, типографски и други елементи карактеристични за различни видови текст;<br>- поврзување текстови со слики;<br>- вежби со идентификување зборови и изрази;<br>- подредување зборови, реченици, пасуси, слики и сл., по логичен редослед;<br>- пополнување празни места во текстови, табели и реченици;<br>- одговорање на прашања од типот точно/неточно (vero/falso), отворени прашања или  прашања со повеќечлен избор;<br>- давање наслови на одредени делови од текст;<br>- подредување на реченици и пасуси од краток и | **Ученикот /ученичката  може да:**<br><br>1.2. идентификува зборови и изрази што се користат при претставување;<br><br>1.2. идентификува зборови и изрази во краток и едноставен текст во врска со опис на лица, предмети и места.;<br><br>1.3. селектира информации од текст во врска со лични податоци, семејство, слободно време, лица, предмети, места;<br><br>1.4. препознава зборови и изрази во краток текст во врска со непосредно опкружување;<br><br>1.5. разбира кратки едноставни покани и одговори на покани. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - издвои конкретни информации во едноставен текст или електронска порака, поврзани со минати настани; | Questa mattina, quando uscivo dalla scuola, ho perso il mio cellulare. Per fortuna il mio amico Fulvio l'ha trovato per caso.<br><br>Mentre Renata leggeva un libro, ha sentito degli strani rumori.<br><br>Mentre andavo a scuola, ho incontrato Matteo, il cuginetto di Sara, che mi ha accompagnato per un bel tratto di strada. | едноставен текст по логичен редослед.<br><br>**Методи:**<br>- документациски метод: пишан извор на информација (работа на текст, метод на читање, метод на интерпретација);<br>- набљудувачко-истражувачки методи: набљудување, забележување, обележување, откривање, истражување, пребарување;<br>- демонстрациски методи: | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. препознава тема на настан во краток текст или електронска порака;<br><br>2.2. идентификува реченици во кои е употребено минато време;<br><br>2.3. идентификува минати настани во краток текст;<br><br>2.4. ги препознае најважните информации во краток и едноставен текст или електронска порака;<br><br>2.5. ја идентификува употребата нна секое од минатите времиња во еден поширок контекст. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - идентификува конкретни информации во натписи, соопштенија, плакати, реклами, проспекти со кои се искажува упатство, совет; | La casa vacanza si trova veramente in un punto strategico, a 2 passi dal centro. È facile raggiungere i monumenti più importanti della città con la metroplitana.<br><br>Se prenoti entro il 20 aprile via e-mail o per telefono ti regaleremo una guida completa su Roma da utilizzare durante la tua vacanza.<br><br>Eros Ramazzotti, il 20 dicembre, Milano, festa di fine tour Milano<br><br>Prima di effettuare qualsiasi operazione di pulizia o di manutenzione, si raccomanda di spegnere l'interruttore. In caso di guasto o di cattivo funzionamento dell'apparecchio, rivolgersi solamente ad un centro di assistenza tecnica autorizzato dal costruttore. | покажување на слики, цртежи и сл.;<br>- метод на работа со компјутерска технологија: пребарување. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. идентификува главни информации во натписи, реклами, проспекти со кои се искажува упатство, совет;<br><br>3.2. разбира конкретни информации од краток текст од плакат, брошура и сл., со кои се искажува упатство, совет;<br><br>3.3. селектира информации од краток текст од плакат, брошура и сл., со кои се искажува упатство, совет;<br><br>3.4. следи упатство од некој проспект. |

| Ред. број | Модуларна единица 3: ГОВОРНА ПРОДУКЦИЈА И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Критериуми на оценување* |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- постави едноставни прашања / да одговори на едноставни прашања во врска со личните податоци, семејството, интересите, вкусовите и слободното време; | Buon giorno, professore!  Ha insegnato prima di venire nell nostra scuola ? – Sì, ho lavorato un paio d'anni in un liceo scientifico. - Quali sono i suoi passatempi preferiti? - Sono anche musicista, suono la chitarra e mi piace comporre la musica e scrivere testi di canzoni. Sono anche un grande aappassionato di cinema.<br>Mi piacciono molto le commedie romantiche e i film d'azione.<br><br>Da quanto tempo lavori nel settore alberghiero? – Da due anni.<br>Ti piace il tuo lavoro? – Sì, mi piace molto, incontro sempre persone interessanti, provenienti da diverse parti del mondo.<br><br>Giorgio, domani ho il pomeriggio libero e vorrei passarlo al nuovo Museo della motocicletta. Ti va di venire con me? Passeremo un pomeriggio bellissimo!<br><br>- Non sono proprio d'accordo: non passeremo un pomeriggio bellissimo ma noiosissimo! Perché non facciamo un'altra cosa?<br><br>Esprimere accordo:<br>*certo /d'accordo/ hai ragione /sì* | **Активности:**<br><br>а) *Говорна интеракција:*<br>- поставување прашања и одговарање на нив;<br>- играње на улоги според дадени модели;<br>- учество во кратки и едноставни  комуникативни ситуации од секојдневниот живот.<br>б) *Усно искажување:*<br><br>- опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.;<br>- продукција на кратки искази;<br>- прераскажување на кратки едноставни текстови на познати теми;<br>- вежби со користење пантомима и мимика;<br>-различни игровни активности од типот: глув телефон, бинго и сл. | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1. воспостави контакт со соговорникот, да поздрави и отпоздрави;<br><br>1.2. постави/одговори на прашање во врска со неговиот домен на интерес, со  секојдневен живот и со слободното време;<br><br>1.3. се согласи / не се согласи со предлогот на соговорникот;<br><br>1.4. зборува за своите интереси, вкусови и претпочитувања применувајќи ги новоусвоените поими и изрази;<br><br>1.5. употребува  основни изрази и поими во нови ситуации за разменување информации при први контакти. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - искаже желба, намера, зачуденост; | Cosa vorresti fare nella vita? - Vorrei fare il giro del mondo.<br><br>Hai sentito, Marta e Carlo sono di nuovo insieme! - Stai scherzando?/ Dici sul serio?/Veramente? / Ma, scherzi?/ Non ci credo!/ Non mi dire!/ Mi prendi in giro?/Ma, dai! | **Методи:**<br><br>- Вербални методи: монолошки метод на изложување на содржините (опишување, раскажување, објаснување), дијалошки или метод на разговор (игра по улоги);<br>- демонстрациски методи: претставување, покажување предмети, процеси, појави, настани, покажување на слики, цртежи;<br>-метод на работа со | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>2.1. употребува новоусвоени изрази при искажување желба, намера;<br><br>2.2. употребува новоусвоени изрази при искажување зачуденост/ изненадување;<br><br>2.3. зборува за своите намери и желби;<br><br>2.4. искажува зачуденост/ изненадување при говорна интеракција. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - даде краток и едноставен опис на лица, предмети, околина; | -Il nuovo cellulare di Laura è nero e verde, ha dimensione media e ha molte funzioni: chiama, manda messaggi, va su internet, c'è la possibilità di scaricare giochi.<br><br>-Domenica scorsa abbiamo preso l'autobus e siamo andati a visitare un famoso sito archeologico che si trova nelle vicinanze di un borgo storico. Abbiamo vistitato anche l'antico palazzo rinascimentale, recentemente ristrutturato.<br><br>-La mia migliore amica si chiama Laura, ha sedici anni. È una ragazza allegra e curiosa ma anche responsabile, precisa. Adora la musica e lo sport. Indossa sempre abiti sportivi, di lino o di cottone, il bianco e il rosso sono i suoi colori preferiti. Non si separa mai dal suo piccolo zainetto a fiori e dalla sua vecchia bicicletta. Ama la natura e gli animali. Non le piacciono le persone pigre e arroganti. | компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. именува бои, материјали и форми на предмети;<br><br>3.2. именува поими што означуваат населени места, превозни средства и институции;<br><br>3.3. применува основни изрази и поими при опишување на лица, предмети и места;<br><br>3.4. опишува лица, предмети и места. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | - даде краток и едноставен опис на минати настани. | L'anno scorso io e mia sorella siamo state in vacanza a Firenze per due settimane. Ogni sera cenavamo fuori e facevamo delle lunghe passeggiate. Abbiamo visitato molti musei e le piazze più belle della città.. È stata una bellissima vacanza, però, mamma mia, quanti soldi abbiamo speso!<br><br>Ieri Pietro è stato al Centro commerciale per comprare uno zaino per la scuola. Ne ha trovato uno proprio come piace a lui, di colore blu, comodo e pratico. Poi è andato in libreria per comprare alcuni libri e ha posato lo zaino sulla terra. Si è girato per un attimo e non l'ha più trovato, qualcuno gliel'ha rubato. Si è recato subito alla polizia per denunciare il furto. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>4.1. применува основни изрази и поими при раскажување на минат настан;<br><br>4.2. прераскажува настан доживеан од друго лице. |

| Ред. број | Модуларна единица 4: ПИСМЕНО ИЗРАЗУВАЊЕ И ИНТЕРАКЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** |
| 1 | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**<br><br>- пополнува формулари со лични податоци и да пишува куси насочени состави во кои ќе се претстави и ќе ги искаже своите вкусови и интереси; | Nome : Alessio<br>Cognome: Rossi<br>Data di nascita : il 12 gennaio del 2001<br>Luogo di nascita: Milano<br>Cittadinanza: italiano<br>Indirizzo : via Leonardo Da Vinci n.3, 50121 Firenze.<br><br>Mi chiamo Giovanni, per gli amici Gianni. Abito a Roma. Ho 20 anni e sono studente di economia. Le mie materie preferite sono l'economia, la finanza e il marketing. Durante le lezioni parliamo spesso della situazione economica nel nostro paese e nel mondo. Vorrei trovare un modo per aiutare la gente povera. | **Активности:**<br>- подредување зборови во слеана низа;<br>- пишување по диктат;<br>- пополнување формулари;<br>- довршување реченици или краток текст;<br>- пополнување текстови со испуштени зборови;<br>- пишување пораки, кратки пријателски писма и електронски пораки;<br>- пишување краток едноставен состав (од 60-80 збора) според дадени слики, аудитивни или визуелни информации, или насоки од | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>1.1.пополнува празни места од формулари со лични податоци;<br><br>1.2. се претстави себеси, своите вкусови и интереси во кус насочен состав;<br><br>1.3. пишува за своите намери, желби и претпочитувања во куса електронска порака, применувајќи ги новоусвоените изрази и поими. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | - пишува кратки електронски пораки во кои ќе поканува/ одговара на покани поврзани со слободното време; | Cara, Elena, come stai? Sei libera stasera?Verresti al cinema con me? Un abbraccio! - Si, vengo volentieri./ Sì, grazie, con piacere!/ D'accordo! /Perché no? /Certo, è una bella idea!/<br><br>Salve Maria, che ne dici di andare a fare spese? Oggi iniziano i saldi.<br>- Sì, vengo volentieri. Grazie dell'invito. | наставникот;<br>- подредување реченици и/или параграфи од даден текст;<br>-групна изработка на постер;<br>- самостојна изработка на тематски постери и сл.<br><br>**Методи:**<br><br>-Операциски методи: метод на илустративна практична | **Ученикот /ученичката  може да:**<br><br>2.1. употребува соодветни формулации за  отпочнување и завршување на пораката;<br><br>2.2. напише кратка порака со цел да покани некого на одреден настан;<br><br>2.3. одговори на покана пишувајќи кратка порака;<br><br>2.4. пишува едноставни изрази за прифаќање и заблагодарување на поканата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | - пишува куси насочени состави и електронски пораки во кои ќе опишува лица, места и предмети; | Mio fratello si chiama Carlo. Ha 24 anni, è alto, magro, ha i capelli castani e gli occhi verdi. Abita in via Galeotti 11, vive ancora con i nostri genitori anche se ha la fidanzata. Fa il meccanico. Ha un carattere sincero e generoso ed è molto simpatico.<br><br>È un computer portatile che ho comprato da poco. È piccolo, grigio chiaro. È completamente accessoriato di prese USB, posso quindi attaccarci il mouse, la stampante, la pennetta e la webcam. | работа (реализација на проект), метод на творечка работа (разни форми на писмена кореспонденција и други форми на писмено изразување);<br><br>-Метод на работа со компјутерска технологија: демонстрации. | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>3.1. применува новоусвоени основни изрази и поими при опишување лица, предмети и места;<br><br>3.2. претставува и опишува лица во кус насочен состав или електронска порака;<br><br>3.3. составува кратки насочени состави и електронски пораки во кои ќе опише места и предмети од своето опкружување;<br><br>3.4. изработи кратка презентација за своето место на живеење со основните податоци. |
| 4 | - пишува куси насочени состави и електронски пораки во кои ќе опишува минати настани. | Sono appena tornata dalle vacanze. Sono stata in Puglia, a Lecce. È stata una vacanza bellissima. La città è vivace, le spiagge sabbiose e i cittadini molto accoglienti e piacevoli. Ho nuotato molto e ho fatto amicizia con un ragazzo italiano ". Mi sono divertitta moltissimo. Ti racconto tutto appena ci vediamo. Mi sono divertita un sacco. | | **Ученикот /ученичката може да:**<br><br>4.1. применува новоусвоени основни изрази и поими при раскажување на настан;<br><br>4.2. составува краток насочен состав во кој опишува минат настан;<br><br>4.3. пишува кратка електронска порака во која раскажува минат настан. |

| | |
|---|---|
| Оценување на постигањата на учениците | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците да не се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br><br>На крајот на прва година учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| Литература и други извори | Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење. |
| Почеток на имплементација на наставната програма | **Учебна 2019/2020 година** |
| Институција/<br>носител на програмата | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр. 13-4390/8<br>11.6.2019 година<br><br>МИНИСТЕР, с.р.<br>Dr. Arbër Ademi |
| Датум на ревизија | |